Здружение на граѓани
Центар за граѓански комуникации
ЦГК
Бр. 0302 – 138/1
15.03.2021 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРОБИШТИП

| Примено: 17.03.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог: | Вредност: |
| 24 | 339/1 | | |

**До: Општина Пробиштип**
(имател на информација)

**БАРАЊЕ**
**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19), од имателот ја бараме следната информација од јавен карактер:

**Ве молиме да ни ја доставите следната информација:**

- Колку вкупно финансиски средства имате потрошено по сите основи и поединечно по групи трошоци во врска со кризата со Ковид-19 од буџетот за 2020 година?

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
**- в) фотокопија**
- г) електронски запис
- д) друго -----------------------------
(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
**- г) е-маил**
- д) друго-------------------------------
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата:
**Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации**
бул. Кочо Рацин 26-1/2, 1000 Скопје, тел. (02)3213-513, e-mail: center@ccc.org.mk

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
Сабина Факиќ, бул. Кочо Рацин 26-1/2, 1000 Скопје, тел. (02)3213-513

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање на слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во Скопје
Датум: 15.03.2021

Потпис:
________________
Сабина Факиќ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 24-339/2
17.04.2021 год.
ПРОБИШТИП

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
Ул.„Јаким Стојковски“ бр.1
Тел:032 483 131; факс: 032 483 047
***www.probistip.gov.mk***

**ДО**
**Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации**
**Бул.„Кочо Рацин“ бр.26-1/2 1000 Скопје**

**ПРЕДМЕТ: Одговор на барање;**

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер бр.24-339/1 од 17.03.2021 година, со кое барате општина Пробиштип да Ви ја достави бараната информација во фотокопија по е-маил и тоа:

- Колку вкупно финансиски средства имате потрошено по сите основи и поединечно по групи трошоци во врска со кризата со Ковид-19 од буџетот за 2020 година?

Ве известуваме дека општина Пробиштип за справување со кризата поврзана со Ковид-19 во 2020 година спроведе две постапки за јавни набавки и беа склучени два договори и тоа: Договор за набавка на заштитна опрема и заштитни средства за потребите на здравствените работници во општина Пробиштип во износ од 254.238,00 денари без ДДВ или 300.000,00 денари со ДДВ од кои се релизирани 299.419,00 денари и Договор за набавка на материјали за справување со корона вирусот и набавка на средства за дезинфекција на териотријата на опшрина Пробиштип во износ од 254.238,00 денари без ДДВ или 300.000,00 денари со ДДВ од кои се релизирани 299.316,00 денари.

Исто така општината склучи договор за дезинфекција на јавните површини во износ од 181.012,00 денари и договор за дезинфекција на заедничките простории во колективните станбени згради во износ од 170.076,00 денари.

Покрај тоа беа поставни пунктови на влезот во градот за вршење на дезинфекција на сите возила кои влегуваат во град Пробиштип во износ од 100.000,00 денари.

Вкупно потрошените средства од основниот Буџет на општина Пробиштип за справување со кризата со Ковид-19 изнесуваат 1.049.823,00 денари.

Општина Пробиштип преку донации обезбедени од страна на бизнис секторот обезбеди социјални пакети со храна на ранливите категории на граѓани кои беа најмногу погодени со кризата. Со донации обезбеди и маски за сите граѓани на општината.

Општинските институции и установи како што се општинските основни училишта, средното општинско училиште, јавната установа детска градинка и општинска установа дом на култура чии што Буџети исто така влегуваат во Буџетот на општина Пробиштип, имаат потрошено средства за заштита и справување со крзата од Ковид-19, меѓутоа за тие средства немаме евиденција.

Општина Пробиштип и понатаму се залага за успешно справување на кризата поврзана со Ковид 19.

Изготвил: Анкица Ѓеновска__________
Одобрил: Јованка Данева____________

17.04.2021 година
Пробиштип

Градоначалник на општина Пробиштип
Драган Анастасов

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
2
ПРОБИШТИП

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 24-339/3
17.04.2021 год.
ПРОБИШТИП

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.Весник на РМ бр. 101/19 од 22.05.2019 година) Градоначалникот на Општина Пробиштип го изготви следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

за одобрено барање за пристап до информација од јавен карактер

На **Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации Бул.„Кочо Рацин" бр.26-1/2 1000 Скопје** позитивно му се одобрува барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер заведено во Општина Пробиштип под број бр.24-339/1 од 17.03.2021 година.

Информацијата содржи:

- Колку вкупно финансиски средства имате потрошено по сите основи и поединечно по групи трошоци во врска со кризата со Ковид-19 од буџетот за 2020 година?

ПРАВНА ПОУКА:Против Решението на Градоначалникот на Општина Пробиштип може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап.

**Изготвил:Анкица Ѓеновска**
**Одобрил: Јованка Данева**

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Драган Анастасов

Република Северна Македонија
Општина Пробиштип
2
ПРОБИШТИП